Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. " број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13, 163/13 и 42/14,) член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје **го дава следното:**

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран плански опфат од утврдениот **Нацрт План ДУП за Градска четврт СЗ 11, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот за Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров, Скопје** со следните граници на плански опфат:

**Север:** по дел од границата на ГУП Скопје 2012год.со која се совпаѓа, продолжува по осовина на новопланирана собирна улица;

**Исток:** по осовина на новопланирана улица;

**Југ:** по осовина на градска магистрална улица „Црногорска“

**Запад:** по осовина на автопат ( ГУП Скопје 2012год.)

Нацрт планот е Утврден од страна на Советот на **Општина Ѓорче Петров-Скопје**, со одлука број 08-2225/6 од 25. 08. 2015год. („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 10/15). **Големината планскиот опфат изнесува 26.05 ха**

- Планот ќе биде изложен во просториите на УЗ „ Дексион“ во период од 15 работни дена
- **Јавната анкета ќе трае од 07. 09. 2015год. до 28. 09. 2015год**, - 15 работни дена, сметано од денот на објавата за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета во Јавните гласила „Дневник“ и "Утрински весник", **секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот.**
- **Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk,**
- **Стручна расправа за Нацртот на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се одржи на 17.09.2015(четврток) во 13 часот** во просториите на **УЗ “Дексион“.**
- **Јавната презентација на планот ќе се одржи на 17.09.2015 (четврток) во 15 часот,** во просториите на **УЗ “Дексион“.**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во **просториите на УЗ “Дексион“, во тек на излагањето на планот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број** 09-2396/2

03.09.2015 год.

**Скопје**

Општина Ѓорче Петров

**Градоначалник,**

**Сокол Митровски**